Врз основа на Чл. 24-а од Законот за Средно образование (Сл. весник на РМ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 37/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, и 24/13 и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на државно ниво во средното образование, и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование, и Чл. 29 од Статутот на Здружението на наставници по стручни предмети и раководни кадри од ЕМСУ од Р. Северна Македонија Собранието на Здружението на својата седница одржана на ден 07.02.2022 год. донесе следниот:

# П Р Е Ч И С Т Е Н  Т Е К С Т  Н А
# П Р А В И Л Н И К

за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на општинско, регионално и државно ниво на учениците од електротехничките, машинските и сообраќајните училишта од Република Северна Македонија

## I . ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот и поблиските критериуми за организација, учество и спроведување на општинските, регионалните и државните натпревари на учениците од електротехничките, машинските и сообраќајните училишта од Р. Северна Македонија (во понатамошниот текст Здружение)

Член 2

Натпреварите се организираат со цел да се вреднуваат и рангираат знаењата, вештините и способноста на учениците од тригодишно стручно образование за занимања и четиригодишно техничко образование од електротехничката, машинската и сообраќајната струка /сектор електротехника, машинство и сообраќај, транспорт и складирање.

Содржината на натпреварите е соодветна на возраста на учениците и се темели на наставните планови и наставните програми за средно стручно образование.

Член 3

Натпреварите се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Општинските, регионалните и државните натпревари ги организира Здружението на

наставници по стручни предмети и раководни кадри од електротехничките, машинските и сообраќајните училишта од Р. Северна Македонија (во понатамошниот текст Здружение)

## II.ЦЕЛИ НА НАТПРЕВАРИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

### Член 4

Цели на натпреварите се:

- вреднување на нивоата на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;
- рангирање на учениците според постигнатите резултати, и
- откривање на учениците кои се талентирани за одредена струка/сектор,

## III.ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИТЕ

### Член 5

На општинските, регионалните и државните натпревари за учениците од ЕМСУ од Р. С. Македонија учество можат да земат редовни ученици од ЕМСУ од Р. С. Македонија и тоа за образовните профили/квалификации за кои училиштата се верифицирани од Министерството за образование и наука.

### Член 6

Општинските натпревари се организираат во месец февруари на територијата на Р. С. Македонија.

### Член 7

Регионалните натпревари се организираат до крајот на месец март.

На регионалните натпревари право на учество има натпреварувачот кој освоил најмногу бодови на општински натпревар, односно по еден натпреварувач од секој образовен профил/квалификација на секој наставен јазик на кој се реализира наставата.

### Член 8

Регионалните натпревари се организираат по региони и тоа:

**Прв регион:** ги опфаќа училиштата во Град Скопје и општините: Илинден, Тетово и Гостивар.

**Втор регион:** ги опфаќа училиштата во општините: Прилеп, Битола, Кичево, Охрид и Струга.

**Трет регион:** ги опфаќа училиштата во општините: Куманово, Крива Паланка, Виница, Св. Николе, Кочани, Штип и Пробиштип.

**Четврт регион:** ги опфаќа училиштата во општините: Велес, Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Радовиш и Богданци.

Член 9

На седница на Собранието на Здружението се одредува училиште - домаќин на регионалните натпревари и се формираат регионални комисии во коишто има минимум по еден претставник од секое училиште во регионот.

Член 10

Наградените и пофалените ученици од регионалните натпревари се стекнуваат со право на учество на државните натпревари.

Член 11

Државните натпревари се организираат во прва половина од месец мај по објавен повик на Здружението според календарот за спроведување на натпреварите во средните стручни училишта, по одлука на Собранието на Здружението.

Член 12

На седница на Собранието на Здружението се одредуваат училиштата домаќини за државните натпревари во кои ќе се изведуваат натпревари најмалку за три години и истите ќе бидат внесени во три годишниот календар за спроведување на натпреварите.

Член 13

На седница на Собранието, Здружението именува Комисија од 5 (пет) члена која го организира државниот натпреварот во тековната година (во понатамошниот текст Организациска комисија).
Членови на Организациската комисијата се:

1. Директорот на училиштето домаќин - претседател на комисијата;
2. Дипломиран машински инжинер од училиштето домаќин - член на комисијата;
3. Дипломиран инжинер по електротехника од училиштето домаќин - член на комисијата;
4. Дипломиран сообрајќаен инжинер од училиштето домаќин - член на комисијата;
5. Дипломиран машински инжинер, дипломиран инжинер по електротехника или дипломиран сообраќаен инжинер од училиштето домаќин од претходните натпревари.

Доколку именувањето на членовите на комисијата од реден бр. 2, 3, 4, 5 не може да се изврши од наведените училишта, тогаш може да се именуваат членови од други средни ЕМСУ.

Член 14

Организациската комисија има за задача да изготви Работен план на државните натпревари.

Работниот план ја содржи динамиката на натпреварот, организацијата на просторот за нормално одвивање на натпреварот и работата на комисиите и работните групи.

Член 15

Организациската комисија ги утврдува потребните материјално - технички и просторни услови потребни за организација и спроведување на натпреварите.

## IV. ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Член 16

Поблиски критериуми за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни образовни профили се следните:

- Здружението организира натпревари само по наставните предмети, односно области за кои е акредитирано;
- на државните натпреварите можат да учествуваат ученици наградени и пофалени од регионалните натпревари;
- ученикот се натпреварува на јазикот на кој ја следи наставата;
- изборот на учениците се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати;
- рангирањето на постигањата на ученикот за освоените места се врши врз основа на постигнатиот број на бодови;
- доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови, за прво место на натпреварот на државно ниво Здружението определува дополнителен критериум, односно повисоко ниво да има ученикот кој побрзо го предал тестот;
- домаќинот на државните натпревари е училиштето кое е определено од страна на Здружението коешто го известува Министерството за образование и наука најдоцна 7 работни дена пред отпочнувањето на натпреварот;
- содржините по одделни наставни предмети ги определува Здружението на наставници;
- времетраењето на тестот и бројот на прашањата, како и вежбите ги определува Здружението;
- наблудувачите кои го следат натпреварувањето ги определува Организациската комисија;
- комисиите за прегледување на тестовите и практичните вежби ги формира Организациската комисија;
- комисиите за прегледување на тестовите и практичните вежби се должни во рок од 90 минути по отпочнувањето на прегледувањето да ги достават резултатите до Централната комисија;

- незадоволниот учесник на натпреварот (ученикот или неговиот наставник - ментор) најдоцна во рок од 90 минути по објавувањето на резултатите, може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори;
- за освоено прво, второ или трето место на државен натпревар ученикот добива диплома и пригодна награда, наставнииците ментори пофалница, а за останатите Здружението може да издаде Уверение или потврда за учество на натпреварите;
- Здружението на општинско, регионално и државно ниво може да прогласи само по еден ученик од III степен од електротехничка и машинска струка и само по еден ученик од IV степен од електротехничка, машинска и сообраќајна струка/сектор по оделните профили/квалификации за освоено прво место на натпреварите;

## V. ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И НАГРАДИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Член 17

Вреднувањето и рангирањето на учениците на натпреварите е во надлежност на Централната комисијата формирана од Здружението.

Комисијата се состои од:

1. Претседателот на Здружението кој е и претседател на комисијата;
2. Еден претставник од Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) – одговорен за машинска струка;
3. Еден претставник од Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) – одговорен за електротехничка струка;
4. Еден претставник од Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) – одговорен за сообраќајна струка;
5. Професор или асистент од Електротехнички факултет;
6. Професор или асистент од Машински факултет;
7. Професор или асистент од Сообраќаен факултет;

Резултатите на натпреварите се јавни и се објавуваат истиот ден кога завршуваат, во просториите каде што се одржуваат.

Здружението формира Комисија за одлучување по приговори составена од три члена. Комисијата е должна по објавувањето на резултатите истиот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да ги извести подносителите.

Конечната ранг листа се составува откако ќе се разгледаат приговорите и потоа се објавуваат резултатите на огласна табла во училиштето.

Дипломите, пофалниците и уверенијата за учество на натпреварите ги потпишува Претседателот на Здружението.

Здружението формира Организациска комисија од пет члена.

Организациска комисија за делот со трудови/проектни задачи формира Комисија за примање и селекција на трудовите, составена од три члена во која како

членови можат да бидат наставници по стручни предмети, стопанственици, универзитетски работници.

Организациската комисија формира и други комисии потребни за успешна реализација на натпреварите, и тоа:

- Комисија за анализа на натпреварот (утврдување на предности и слабости и предлози за надминување на слабостите);
- Комисија за вреднување на натпреварот по предметите од образовните профили,
- Комисија за вреднување на трудовите – проектните задачи …

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ

<u>Член 18</u>

Натпреварите за образовните профили за кои ќе се пријават помалку од три учесници не се одржуваат.

Натпреварот за образовните профили со тригодишно образование, по правило се состои само од практичен дел и со него треба да се опфатени целите на практичната настава. Секое училиште доставува предлог - задачи до училиштето домаќин, според правилата и насоките за спроведување и полагање на практичен дел од завршниот испит. Училиштето домаќин подготвува три задачи за реализирање на натпреварот. Задачите се избираат на денот на натпреварувањето од претставник на ЦСОО или од Централната комисија.

Натпреварите за образовните профили со четиригодишно образование се состои од тест по области од предметите кои се предвидени со државна матура и завршен испит. Предлог тест и задачи доставува секое училиште со клуч на одговори до ЦСОО и до Претседателот на здружението од 01.04 до 10.04 во тековната година. Тестот се избира на денот на натпреварот.

Натпреварувачите треба да се пријават најкасно до 10.04. кај домаќинот со претходно добиени пријави од домаќинот.

## VII. НАДГЛЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ

<u>Член 19</u>

Претседателот на Организациската комисија формира работна група за надгледување на учениците натпреварувачи за тригодишно стручно образование за занимања и четиригодишно техничко образование.

<u>Член 20</u>

Членовите на работната група за надгледување на учениците од четиригодишно техничко образование треба да бидат од редот на наставници од општо образовни предмети од училиштето домаќин.

Членовите на работната група за надгледување на учениците од тригодишно образование се наставници по практична настава.

Секој од работната група за надгледување на работата на натпреварувачите е должен во просторијата во која ќе врши надзор:

- да ги идентификува учесниците (личен документ - ученичка книшка со слика) и тоа по список на ученици добиен од организациската комисија;
- да им подели работни листови и пликоа со идентификациско ливче на секој учесник, заверен со печат;
- да им објасни како се пополнува идентификациско ливче;
- да обезбеди регуларен тек на натпреварот;
- да ги спои пликоата со идентификациските ливчиња во присуство на ученикот, а по излегување на сите натпреварувачи од просторијата да изврши шифрирање на истите според однапрен изготвен план за шифрирање;
- по завршувањето на шифрирањето целокупниот материјал го достави до Центаралната комисија.

Член 21

Централната комисија ги доставува задачите до натпреварувачите сместени во работните простории и го означува почетокот на натпреварите.

Член 22

Натпреварувачот за време на натпреварот не смее да ја напушта просторијата додека не го предаде пликото, односно работната вежба, во спротивно неговото натпреварување се смета за завршено.

## VII. ПРЕГЛЕДУВАЊЕ

Член 23

Организациската комисија назначува работни групи за прегледување, со дадени клуч решенија за сите образовни профили, односно работни групи за прибирање на податоците од компјутерската обработка.

Назначувањето на прегледувачите се врши еден месец пред одржување на натпреварите, а нивната распределба по групи им се соопштува на денот на натпреварот.

Работата на работните групи за прегледување почнува откако ќе ги добие материјалите од Централната комисија, доколку изведувањето е класично.

По извршеното прегледување, односно прибирање на податоците од компјутерската обработка, работните групи ги враќаат работните листови на Централната комисија со изготвена ранг листа по шифра и освоени поени.

По извршеното прегледување на вежбите за натпреварувачите од тригодишно техничко образование за занимања работните групи ги враќаат оценувачките листови на Централната комисија со изготвена ранг листа по шифра и освоени поени.

За сите нејаснотии се обраќаат до Централната комисија.

Член 24

Работните групи за прегледување работат во посебни простории самостојно (без присуство на трети лица).

## VIII. ИСТАКНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ

Член 25

Централната комисија ги дешифрира и истакнува резултатите и тестот со клуч решенија.

По истакнувањето на резултатите натпреварувачите или менторите имаат право на приговор во рок од 90-минути до Комисијата за приговори.

Комисијата за приговори решава по приговорите и ги објавува конечните резултати од натпреварите.

Член 26

За освоено прво, второ или трето место на државен натпревар ученикот и неговиот наставник/наставници ментор/и добива/ат диплома за оние ученици и наставници – ментори кои освоиле четврто или петто место пофалници, а за останатите потврда за учество.

## IX. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖАНИТЕ НАТПРЕВАРИ

Член 27

Здружението во рок од 15 дена по завршување на натпреварите до училиштето доставува Извештај за резултатите од сите нивоа, а за државните натпревари и до Комисијата за акредитација на Здруженија на наставници, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, односно Центарот за стручно образование и обука.

Извештајот треба да ги содржи следните податоци :

- Назив на натпреварот и Здружението кое го спроведува натпреварот;
- место и време на одржување;
- број на учесници;
- број на наградени ученици, и нивни ментори (табеларен приказ со име и презиме на ученикот, година на образование/паралелка, назив на училиштето и место во кое се наоѓа);
- анализа на натпреварот со утврдени (предности слабости и можни начини за надминување на слабостите);
- за учениците кои имаат ист број на поени Централната комисија одлучува кој ученик освоил прво место со дополнителниот критериуми – времето на предавање на тестот.

Резултатите од државниот натпревар се објавуваат на интернет страниците на Здружението на наставници, на Министерството, Бирото за развој на образованието, односно Центарот за стручно образование и обука.

## X. ПРОПОЗИЦИИ

Натпреварот ќе се изведува посебно за секоја струка и образовен профил и ќе содржи два дела кои се однесуваат само на стручните задолжителни предмети, односно задолжителните модули од трето и четврто ниво во секоја струка, и тоа:

1) Тест во којшто ќе бидат опфатени прашања и задачи од теоретските часови, и

2) Изведба на вежба која се реализира на часовите по практична настава, односно на часовите за вежби.

Член 28

Натпреварот за машинска струка – трет степен ќе се изведува по предметот практична настава за секој соодветен образовен профил.

Училиштето - домаќин презема обврска да достави до училиштата најмалку 3 (три) задачи за вежбање, најдоцна до 01.04. тековната година.

Училиштето - домаќин презема обврска да ги обезбеди потребните материјали и работен алат за учениците од машинската струка.

Мерен и контролен алат обезбедува секое училиште - учесник посебно.

Работните места се избираат со влечење на денот на натпреварите.

Времетраење на натпреварот е 90 мин. Се оценува само целосно завршена задача/вежба.

Максимален број на освоени поени е 100.

Критериуми за оценување во машинска струка се:

- квалитет 0 ÷ 25 поени;
- функционалност 0 ÷ 20 поени;
- точност на мерки и облик 0 ÷ 35 поени;
- естетски изглед 0 ÷ 10 поени.

Вкупно 90 поени.

Според времето на изработка се бодираат на следниот начин:

- прво изработена задача 10 поени;
- второ изработена задача 8 поени;
- трето изработена задача 6 поени;
- четврто изработена задача 4 поени;
- петто изработена задача 2 поени;

Член 29

**1. Машински техничар**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:

модул 1: Производни технологии –

Наставна програма: Технологија на обработка на метали со режење;

модул 2: Автоматско управување и програмирање

Наставна програма: Компјутерско управување

Наставна програма: Програмирање на компјутерско управувани машини;

Максимален број на освоени поени е 100.

Времетраењето на натпреварот е 120 минути.

На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

**2. Машинско - енергетски техничар**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следниот модул: Енергетика во машинството:

Наставна програма: Хидропневматска техника

Наставна програма: Термотехника

Наставна програма: Греење и климатизација

Максимален број на освоени поени е 100.
Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

**3. Машински техничар за моторни возила**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следниот модул: Мотори и моторни возила:

Наставна програма: Мотори со внатрешно согорување
Наставна програма: Моторни возила
Наставна програма: Испитување и дијагностика на возила

Максимален број на освоени поени е 100.
Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

**4. Техничар за компјутерско управување**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:
модул 1: Основи на компјутерско управување
Наставна програма: Компјутерско управување
Наставна програма: Мерење во автоматиката
модул 2: Основи на програмирање на компјутерско управувани машини
Наставна програма: Програмирање на компјутерско управувани машини
Максимален број на освоени поени е 100.
Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

**5. Техничар за производно машинство**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:
модул 1: Производни технологии во машинството
Наставна програма: Технологија на обработка на метали со режење
Наставна програма: Технологија на заварување
модул 2: Автоматско управување и програмирање
Наставна програма: Автоматско управување и програмирање
Максимален број на освоени поени е 100.
Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

Член 30

Натпреварот за електротехничка струка – трет степен ќе се изведува по предметот практична настава за секој соодветен образовен профил.

Училиштето - домаќин презема обврска да достави до училиштата најмалку 3 (три) задачи за вежбање, најдоцна до 01.04 во тековната година.

Училиштето - домаќин презема обврска да ги обезбеди потребните материјали, а мерни инструменти и алат обезбедува секое училиште - учесник посебно.

Времетрањето на натпреварот изнесува 90 минути. Се оценува само целосно завршена задача/вежба.

Максималниот број на освоени поени е 100.

Критериум за оценување во електротехничката струка се:

- квалитет 0 ÷ 20 поени;

- функционалност и точност 0 ÷ 50 поени;
- естетски изглед 0 ÷ 20 поени.

Вкупно: 90 поени

Според времето на изработка се бодираат на следниот начин:

- прво изработена задача 10 поени;
- второ изработена задача 8 поени;
- трето изработена задача 6 поени;
- четврто изработена задача 4 поени;
- петто изработена задача 2 поени.

Ако вежбата веднаш не проработи натпреварувачот има право на дополнителни 5 минути за поправка, но за тоа му се одземаат 5 поени.

Член 31

1. **Електротехничар за компјутерска техника и автоматика**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:

модул 1: Дигитални системи

Наставна програма: Основи на дигитални системи

модул 2: Програмирање

Наставна програма: Објектно ориентирано програмирање

модул 3: Автоматско управување и регулирање на процеси

Наставна програма: Системи за автоматско управување

Наставна програма: Процесно управување

Максимален број на освоени поени е 100.

Времетраењето на натпреварот е 120 минути.

За натпреварот треба да се определат програмски јазик, софтвер и алатки до определен рок.

2. **Електротехничар за електроника и телекомуникации**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:

модул 1: Електроника

Наставна програма: Дигитална електроника

модул 2: Телекомуникации

Наставна програма: Дигитални телекомуникации

модул 3: Автоматско управување и регулација

Наставна програма: Автоматика

модул 4: Аудио и видео техника

Наставна програма: Аудиотехника

Максимален број на освоени поени е 100.

Времетраењето на натпреварот е 120 минути.

На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

3. **Електротехничар енергетичар**

Во тестот ќе идат опфатени прашања од следните модули:

модул 1: Автоматизација

Наставна програма: Автоматика

модул 2: Преобразување на електрична енергија

Наставна програма: Електрични апарати и уреди

Наставна програма: Електрични машини и трансформатори

Максимален број на освоени поени е 100.

Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење на дополнителна литература.

**4. Техничар за индустриска мехатроника**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:
модул 1: Дигитални системи
Наставна програма: Основи на дигитални системи
модул 2: Автоматизирани системи
Наставна програма: Автоматика
Наставна програма: Мехатронички системи
Максимален број на освоени поени е 100.
Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

Член 32

1. **Техничар за транспорт и шпедиција**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:
модул 1: Организација на транспортот
Наставна програма: Технологија на патен транспорт
Наставна програма: Технологија на железнички транспорт
модул 2: Шпедитерско работење
Наставна програма: Комбиниран транспорт
Наставна програма: Шпедиција и шпедитерско работење
Максимален број на освоени поени е 100.
Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

2. **Техничар за патен сообраќај**

Во тестот ќе бидат опфатени прашања од следните модули:
модул 1: Организација на транспортот
Наставна програма: Организација на патниот сообраќај
модул 2: Фактори за безбедност на патниот сообраќај
Наставна програма: Безбедност и регулирање во патниот сообраќај
Наставна програма: Автобази и автостаници
Наставна програма: Експлоатација на патни возила
Максимален број на освоени поени е 100.
Времетраењето на натпреварот е 120 минути.
На натпреварот тестот се решава без користење дополнителна литература.

Член 33

**Конкурирање со писмена работа-труд или проектна задача**

Делот со писмени работи - трудови на Државните натпревари е посебна дисциплина. Негова цел е да им овозможи на учениците да презентираат резултати од своите активности, во областите од природните науки, техниката или пак проектната задача која ученикот ја избрал и изработил за училишна/државна матура. Притоа треба да се претставуваат знаења, умеења и вештини од струката и нивната примена, избрани според инвентивноста и стручноста на натпреварувачите.

Натпреварувачи со писмени работи/трудови – проектни задачи можат да бидат ученици од сите струки, образовни профили посебно. Секоја писмена работа/труд – проектна задача треба да е изготвен од најмногу тројца ученици во соработка со ментор.

Пријавување се врши на посебно доставен формулар и посебно за секоја струка. Готовите писмени работи/трудови – проектни задачи со пополнет формулар за учество се доставуваат преку пошта и електронска пошта најдоцна до 15.04.

Пријавувањето на трудот почетно да биде само со пополнет формулар и резиме. Врз основа на резимето да се изврши селекција на трудовите па потоа да се даде рок за достава на комплетните трудови.

Комисијата за вреднување врши селекција на пријавените писмени работи трудови – проектни задачи и ги поканува на презентација избраните учесници.

Услови и средства за презентација на трудовите – проектните задачи си обезбедуваат авторите. Писмените работи/трудовите – проектните задачи треба да бидат изработени според правилата за изработка на писмениот дел од Проектната задача за завршниот испит / државната матура.

Резимето кое се пишува во рамките на оди заедно со пријавниот формулар треба да содржи биде со од 150 до 300 збора. Во резимето треба да стои, во скратена форма, опис на темата, резултати, согледувања, заклучоци, користена литература и користени средства.

Член 34

**Оценување на писмените работи-трудовите – проектните задачи**

Елементи кои се земаат во предвид при оценувањето се:

- Уникатност на трудот;
- Дизајн и естетичност на продуктот;
- Функционалност, применtливост и одржливост на продуктот;
- Сложеноста на трудот;
- Презентација.

Максимален број е 100 поени.

По мислење на Комисијата, се доделуваат повеќе наградени места. За учесниците врз основа на постигнатите резултати, оцените и мислењата на Комисијата за оценување, училиштето-домаќин доделува дипломи за прво, второ и трето место и пофалници за оние ученици кои освоиле четврто или петто место, односно потврда за учество за останатите.

## XI. ПЛАСМАН

Член 35

Стандарди за рангирање на местата и доделување дипломи, пофалници и потврди:

Рангирањето на местата и доделувањето на дипломите и пофалниците се извршува според опаѓачки редослед на бројот на освоени бодови почнувајќи од првото место на ученикот којшто добил најголем број на бодови па се до последниот ученик кој што освоил најмал број на бодови.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

07.02.2022 год.

Претседател на Здружението

______________________________

Драган Јаневски